ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2017 ГОДИНА НА
# УПРАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**( сметката на основен буџет 603 )**

01 2018 030 13

Скопје, септември 2018

**С О Д Р Ж И Н А**


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 11 |
| Финансиски извештаи за 2017 и 2016 | |
| Биланс на приходи и расходи | 12 |
| Биланс на состојба | 13 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | 14 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 15 - 17 |
| - Сметководствени политики | 17 - 20 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 20 - 25 |
| Прилози | |
| Прилог 1 | |
| Прилог 2 | |
| Прилог 3 | |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Палата „Емануел Чучков"
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 10-120/6

Дата: 11.09.2018

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Управен суд на Република Македонија (во понатамошниот текст Управен суд) на сметката на основен буџет (603) за 2017 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Со извршената ревизија за 2017 година изразивме поволно мислење за вистинито и објективно прикажување на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Вршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на Управен суд за 2012 година. Изразено е поволно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај Биланс на приходи и расходи, неповолно мислење за финансискиот извештај Биланс на состојба и мислење со резерва во однос на усогласеност со законските прописи во финансиските трансакции за 2012 година.

Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки од извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Управен суд за 2012 година, констатиравме дека од дадените две препораки, една е спроведена, а една не е спроведена.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2017 година, заедно со ревизија на усогласеност констатиравме дека не е спроведена постапка за јавна набавка на поштенски услуги.

Како прашања на неизвесност и континуитет ја истакнуваме состојбата на просторот каде е сместен Управен суд, функционалните и техничките проблеми со кои се соочува судот во своето работење и трошоците за обезбедување просторни услови што се издвојуваат од Буџетот на РМ, како и за исполнувањето на ориентациониот број на предмети од страна на судиите во Управен суд.

*Ревизорски тим:*
1. ____________
2. ____________
3. ____________

*Овластен државен ревизор*

Во делот Останати прашања, истакнавме состојби кои се однесуваат на различен пристап на признавање на одредени права од работен однос за избраните и именуваните лица во судската власт и за другите категории на вработени во Судска власт.

Од страна на ревизијата дадени се препораки за надминување на утврдените состојби.

Од страна на одговорното лице на субјектот не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 12 до 14 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основниот буџет (637) на Управен суд на Република Македонија, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за 2017 година, преглед на промени на извори на капиталните средства и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2012 година на Управен суд и изразено е поволно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај Биланс на приходи и расходи, неповолно мислење за финансискиот извештај Биланс на состојба и мислење со резерва во однос на усогласеност со законските прописи во финансиските трансакции за 2012 година.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на раководството на Управен суд застапуван од:
- Јетмире Ајдини – Бошњаку, претседател до 03.07.2017 година и
- Бурим Сејдини, претседател од 03.07.2017 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива,

упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.
При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 21.05.2018 до 06.07.2018 година од тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- м-р Цвета Ристовска, помошник на главниот државен ревизор и овластен државен ревизор;
- м-р Љубица Тошевска, раководител на ревизија и овластен државен ревизор;
- Катица Николовска, самостоен ревизор и овластен државен ревизор;
- Наташа Нинеска, самостоен ревизор и овластен државен ревизор и
- Катерина Чалоска-Алексовска, виш ревизор и овластен државен ревизор.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 15-221/9 од 18.07.2013 година. Утврдивме дека од дадените две препораки една е спроведена, а една не е спроведена. (Прилог 1).

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок одржан на ден 20.07.2018 година со одговорните лица на Управен суд.

Од страна на одговорното лице на субјектот не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Користење на средствата согласно законски прописи

Јавни набавки

4.1.1. Доставата на решенијата и актите кои произлегуваат од работењето на Управниот Суд, во текот на 2015, 2016 и 2017 година ги врши АД Македонска Пошта. Согласно член 92 од Закон за поштенските услуги[1], АД Македонска

[1] „Службен Весник на РМ“ број 158/10, 27/14, 42/14, 187/14, 146/15, 31/16 и 190/16.

Пошта, како давател на универзалната услуга[2], има ексклузивно право да обезбедува резервирани поштенски услуги[3] до 31 декември 2018 година.

Со анализа на законските одредби, увидот во објавените ценовници, како и анализата на документацијата која се однесува на доставата на пратки, го утврдивме следново:

- во текот на 2017 година Управен суд, по основ на поштенски услуги има преземено обврски во износ од 2.998 илјади денари. Вредноста на поединечната услуга за извршена достава на судски писма и писма во управна постапка е во рамки на цените утврдени со ценовникот на АД Македонска пошта;
- предмет на достава се судски писма и писма во управна постапка со тежина до 20 грама и од 20 до 50 грама, кои услуги за достава согласно Ценовникот на АД Македонска Пошта, се надвор од опсегот на универзалната услуга. За 2015, 2016 и 2017 година, Управен Суд нема спроведено постапка за јавна набавка на поштенски услуги.

Утврдените состојби не се во согласност со член 17 од Законот за јавни набавки и член 2 од Уредба за услугите кои се предмет на договорите за јавни набавки на услуги[4] каде е утврдено дека за набавка на услуги за копнен и воздушен транспорт на поштенски пратки се применуваат одредбите од Законот за јавни набавки.

Во текот на март 2018 година, по укажување на Судски совет на РМ, склучен е договор со АД Македонска Пошта (нотарски заверен) за давање на поштенски услуги: прием, пренос, сортирање и достава на судски писма и прием, пренос, сортирање и достава на поштенски пратки во внатрешен и меѓународен поштенски сообраќај, согласно важечките ценовници. Вредноста на договорот е утврден во износ од 2.700 илјади денари со важност до 31.12.2018 година.

**Препорака:**

Одговорното лице на Управен Суд да преземе мерки и активности за планирање и спроведување на постапка за јавна набавка за поштенски услуги

---

[2] Универзалната услуга опфаќа: - прием, пренос, сортирање и дистрибуција на поштенски пратки со тежина до 2 кг, - прием, пренос, сортирање и дистрибуција на пакети со тежина до 10 кг, - препорачани поштенски пратки и пратки со означена вредност и - прием, пренос, сортирање и дистрибуција на поштенски пратки за слепи лица и за лица со делумно оштетен вид.

[3] Резервирани поштенски услуги се прием, сортирање, пренос и дистрибуција на пратки за кореспонденција во внатрешниот поштенски сообраќај и на пратки за кореспонденција кои во Република Македонија од меѓународен поштенски сообраќај, со тежина до 50 гр. Во резервирани поштенски пристигнуваат услуга спаѓа и директната пошта во рамките на истото ограничување за тежина.

[4] „Службен весник на РМ" број 157/2007

или во соработка со Судски буџетски совет да иницира постапка за групна набавка на поштенски услуги.

Основ за изразување на мислење

Вкупен ефект од изнесениот наод, кој е основ за изразување мислење, во точката 4.1.1. се однесува на не спроведена постапка за јавна набавка за поштенски услуги согласно Законот за јавните набавки.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Управен суд на Република Македонија на ден 31 декември 2017 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањето изнесено во точката 4.1.1., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Управен суд на Република Македонија, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Не квалификувајќи го своето мислење, имаме обврска да истакнеме дека службените простории во кои Управниот суд ја врши својата дејност се во сопственост на АД Македонска Пошта. Со договор за закуп на простор од 16.04.2007 година склучен меѓу АД Македонски Пошти и Министерство за правда, регулиран е начинот на користење на просторот, висината на закупот, плаќањето на режиските трошоци, како и периодот на закупот. Согласно член 3 од договорот, месечниот закуп е обврска на Министерството за правда, додека трошоците за струја и вода, согласно член 4, се обврска на Управен суд. Износот на месечниот закуп изнесува 8 евра од метар квадратен во која цена не е пресметан данокот на додадена вредност. Поради неможност од поставување на броила од технички причини, потрошувачката на струја и вода е утврдена во паушален износ од 2 евра, а од октомври 2010 година од 1 евро од метар квадратен.

Согласно извршената анализа утврдивме дека за период од 10 години, почнувајќи од 01.01.2008 година до 31.12.2017 година, по основ на закуп и режиски

трошоци, од Буџетот на РМ потрошени се околу 103.772 илјади денари (1.681.884 евра).

Имајќи ги предвид просторните услови за работа на судот: мал број на канцеларии со повеќе вработени во една канцеларија, несоодветни простории за чување на судските предмети, неможност за заштита на објектот од временски неприлики и слично, ревизијата смета дека е потребно да се изработи анализа на сегашните состојби и трошоците кои произлегуваат од закуп на деловниот простор за работењето на судот, со цел преземање на натамошни активности во однос на решавање на просторното сместување на судот (закуп или сопственост на просторот).

Одговорните лица на Управен суд, имаат испратено дописи до ресорното министерство и Судски Совет на РМ со барање за изнаоѓање на ново просторно решение за Управен суд, заради надминување на проблемите, за што до денот на ревизијата не се преземени активности.

6.2. Согласно Законот за судовите, Управниот суд е основан со цел обезбедување судска заштита на правата и правните интереси на физичките и правните лица и заради обезбедување на законитоста во управните спорови. Управниот суд одлучува за законитоста на актите на органите на државната управа односно Владата, другите државни органи, општините и градот Скопје, организации утврдени со закон и на правни и други лица во вршење на јавни овластувања (носители на јавни овластувања), кога решаваат за правата и обврските во поединечни управни работи, како и за актите донесени во прекршочна постапка.

Од извршената анализа на податоците добиени од Годишните извештаи за работа на Управен Суд за 2015, 2016 и 2017 година, Годишниот распоред за работа на судиите во Управен суд за 2015, 2016 и 2017 година, одлуки од Судски совет на РМ, податоци од АКМИС[5] системот на Управен суд ги истакнуваме следниве состојби:

---

5 Автоматизиран информационен систем за управување со судските предмети

Движење на бројот на предмети според нивниот статус




**Графикон 1**

Тренд на движење на бројот на предмети според нивниот статус




**Графикон 2**

Во Прилог 2 прикажани се состојбите за движење на предметите според нивниот статус, бројната состојба на судиите, ориентациониот број на предмети што треба да ги реши судијата месечно/годишно, како и просечниот број на предмети што судиите ги имаат во работа и решено, според судскиот оддел, а во Прилог 3 - старосната структура на нерешените предмети со состојба 31 декември 2015 година и 31 декември 2017 година.

Податоците во графиконите и Прилозите укажуваат дека бројот на новопримени и преостанати предмети за наредна година се намалува од година во година, а процентот на решени предмети е константен од 57% до 58% годишно. Утврдениот број на предмети што треба да ги реши судијата месечно не се

реализира од страна на судот. Најголем број од предметите што се во работа кај судиите се од тековната и претходната година. Наведените состојби се резултат на следниве состојби:

Со Одлука на Судски Совет од 01.12.2015 година[6], бројот на судиите во Управен суд е утврден на 33 судии, вклучувајќи го и претседателот на судот. Своите надлежности Управен суд ги реализира преку шест специјализирани судски оддели, во кои согласно годишниот распоред за работа на судиите во 2015, 2016 и 2017 година распределени се 28, односно 27 судии, вклучувајќи го и претседателот на судот[7]. Пополнетоста на судиските места изнесува 87%. По барања од Управен суд за пополнување на бројот на судии, Судски совет на 280-та седница одржана на 04.07.2018 година, има донесено одлука за објавување на оглас за избор на 2 (двајца) судии на Управен суд.

Судскиот совет на РМ, согласно своите ингеренции предвидени со член 31 од Законот за Судскиот совет, го утврдува и ориентациониот број на предмети што треба да ги реши судијата месечно. Согласно донесените одлуки, ориентациониот број на предмети што месечно треба да ги реши судија во Управен суд, за дел од судските оддели се намалува од година во година, така што збирно на месечно ниво од 510 предмети што треба да се решат во 2015 година, во 2017 година нивниот број е намален и изнесува 476 предмети (Прилог 2 колони од 17 до 22). Одговорното лице на Управен суд во ноември 2017 година до Судски совет има доставено барање за намалување на ориентационата норма за судиите, така што со одлуката за утврдување на ориентациониот број на предмети што треба да ги реши судијата месечно во 2018 година, истиот е намален и збирно изнесува 408 предмети.

Ревизијата има обврска да укаже на следново: месечното исполнување на ориентациониот број предмети од страна на судијата влијае на критериумите во постапката за следење и оценување на работата на судијата што пак од своја влијае при нивниот избор/реизбор и унапредување во кариерата. Намалувањето на ориентациониот број предмети што треба да ги реши судијата, може да влијае на зголемување на бројот на нерешени предмети.

## 7. Останати прашања

[6] Член 44 од Законот за судови: „Судскиот совет на Република Македонија со одлука го определува бројот на судиите во секој суд, а по прибавено мислење од општата седница на Врховниот суд на Република Македонија и мислење од седницата на судиите на соодветниот суд."

[7] Од 2013, односно 2015 година на двајца судии во судот им мирува судската функција поради извршување на работни задачи во Судски Совет на РМ и претседател на Виш Управен суд, а од јуни месец 2017 година, еден судија е заминат во пензија.

7.1. Со извршеното споредување на начинот на утврдување и пресметување на правата кои произлегуваат од работен однос на избраните и именуваните лица во судската власт и другите категории на вработени, констатирани се разлики и тоа:

- за пресметување на правото на испратнината при заминување во пензија не постои усогласеност во делот на основицата. Имено со член 15 од Законот за платите на судиите основицата е утврдена во висина на две просечни месечни плати исплатени во стопанството на Републиката во последните три месеца. Понатаму, согласно член 10 став 2 од Законот за платите на членовите на судскиот совет на Република Македонија, основицата е утврдена во висина на две просечни плати исплатени во Република Македонија за последните три месеца, додека согласно Законот за исплата на платите во Република Македонија, основицата е утврдена во висина на две просечни месечни нето плати по работник во Републиката, односно просечна месечна плата објавена до денот на исплатата и
- работното искуство на членовите на Судскиот совет, судиите и избраните и именуваните лица се вреднува со 0,5% за работно искуство за секоја започната година работен стаж, додека истото ова право за вработените во јавниот сектор кои имаат третман на судски службеници и државни службеници, работниот стаж, се вреднува со секоја завршена година.

За надминување на состојбите, ревизијата смета дека е потребно да се преземат активности за усогласување на наведените закони.

## УПРАВЕН СУД

Сметка на основен буџет (603)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2017 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2017 | 2016 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 63.597 | 66.398 |
| **Вкупно приходи** | | **63.597** | **66.398** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 54.891 | 56.374 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 8.076 | 9.935 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 46 | 89 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **63.013** | **66.398** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 584 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **584** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **63.597** | **66.398** |

Образложенијата се составен дел на финансиските извештаи

## УПРАВЕН СУД

### Сметка на основен буџет (603)
### БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2017 | 2016 |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| Тековни средства | | | |
| Побарувања од вработените | 4.1.1. | 22 | 10 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 4.550 | 5.095 |
| Залихи | 4.1.3. | 509 | 438 |
| Вкупно тековни средства | | 5.081 | 5.543 |
| Постојани средства | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 1.701 | 1.413 |
| Вкупно постојани средства | | 1.701 | 1.413 |
| Вкупна актива | | 6.782 | 6.956 |
| Пасива | | | |
| Тековни обврски | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 104 | 379 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 37 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3. | 4.384 | 4.715 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.4. | 46 | 10 |
| Вкупно тековни обврски | | 4.571 | 5.104 |
| Извори на средства | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 1.922 | 1.578 |
| Ревалоризациона резерва | 4.4.2. | 289 | 274 |
| Вкупно извори на деловни средства | | 2.211 | 1.852 |
| Вкупна пасива | | 6.782 | 6.956 |

Образложенијата се составен дел на финансиските извештаи

УПРАВЕН СУД

Сметка на основен буџет (603)

# ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2017 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Состојба 01.01.2017 година | 1.414 | 438 | 1.852 |
| Зголемување по основ на: | 867 | 71 | 938 |
| Набавки | 577 | 71 | 648 |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | - |
| Ревалоризација на капитални средства | 290 | | 290 |
| Намалување по основ на: | 579 | - | 579 |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | - |
| Амортизација | 579 | | 579 |
| Состојба 31.12.2017 година | 1.702 | 509 | 2.211 |

Образложенијата се составен дел на финансиските извештаи